Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2017 година**

Се објавува Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2017 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 71-та седница, одржана на 23.2.2017 година и на 24.2.2017 година.

Бр. 09-875/31
27.2.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски с.р.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 и 192/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 71-та седница, одржана на 23.2.2017 година и на 24.2.2017 година, го донесе следниов

**Буџетски календар**
**на Општина Центар-Скопје за 2017 година**

| Ред. Бр. | Активности | Месец во годината |
|---|---|---|
| **1** | Советот на Општина Центар-Скопје го донесува Буџетскиот календар. | февруари |
| **2** | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови и програми до сите сектори и буџетски корисници. | најдоцна до 30 август |
| **3** | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и програми за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | најдоцна до 30 септември |
| **4** | Министерот за финансии доставува циркулар-насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година. | најдоцна до 30 септември |
| **5** | Секторот за финансиски прашања подготвува процени на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и ги усогласува финансиските планови и програми, ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Нацрт-буџет и го известува градоначалникот за основните параметри. | најдоцна до 15 октомври |
| **6** | Градоначалникот на Општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од циркуларот и го доставува до Советот на Општина Центар-Скопје. | најдоцна до 20 октомври |
| **7** | Советот го одобрува предлогот на планот на програмите за развој. | најдоцна до 15 ноември |
| **8** | Секторот за финансии го изготвува Нацрт-буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување. | ноември |
| **9** | Градоначалникот го доставува Нацрт-буџетот до Советот на Општина Центар-Скопје. | ноември |
| **10** | Градоначалникот организира јавна расправа по Нацрт-буџетот. | ноември |
| **11** | Градоначалникот го доставува Предлог-буџетот до Советот на Општина Центар-Скопје. | ноември |
| **12** | Советот на Општина Центар-Скопје го усвојува Предлог-буџетот. | ноември |

Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-875/30
24.2.2017 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Мирослав Шиповиќ с.р.